ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
Бр. 11-768/5
28.10.2026 год.
Гевгелија

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26), а постапувајќи по поднесено барање за одобрување на планска програма од страна на ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо од Битола, го издава следново

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на планска програма

Се одобрува Планска програма за изработка на Измена и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија со тех.бр.0801-03-06/26 од септември 2026год. изработена од ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо од Битола.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо од Битола во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.83570) поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Измена и дополнување на Блок 3 од Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија заведено под арх.бр.11-768/1 од 05.10.2026год.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 0801-03-06/26 од септември 2026год., изработена од ДПТУ ,,ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ,, доо од Битола.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1049/1 од 31.07.2026година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-768/4 од 27.10.2026година.

Градоначалникот на Општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против Решението на Градоначалникот на единицата на локална самоуправа може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 200,ооден. административни такси.

Таксата согласно Законот за административни такси во износ од 300,оо денари е наплатена и приложена со барањето.

Градоначалник на
Општина Гевгелија
Андон Сарамандов

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2026.11.04 20:55:38 +01'00'